**Микотрит 3 вагитории 200 mg**
**Микотрит 1 вагиторија 500 mg**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да Ви биде што повеќе од корист.
*- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
*- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
*- Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 7 дена, тогаш мора да појдете на лекар.*
*- Ако забележите некое несакано дејство кое не е наведено во упатството, Ве молиме посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт*

**Внатрешното упатство содржи:**
1. Што претставуваат Микотрит вагиториите и за што се употребуваат
2. Што мора да знаете, пред да ги употребите Микотрит вагиториите
3. Како да ги употребувате Микотрит вагиториите
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Микотрит вагиториите.
6. Дополнителни податоци за лекот

**Микотрит вагиториите содржат:**
- Активна супстанција: клотримазол
- Помошна супстанција:тврда маст.

**Име и адреса на производителот и носител на одобрението за ставање во промет:**
Бионика Фармацеутикалс ДОО,
ул. Скупи бр. 57, 1000 Скопје,
Република Македонија

## 1. Што претставуваат Микотрит вагиториите и за што се употребуваат

Активната супстанција клотримазол е дериват на имидазол со широк спектар на антимикотично дејство. Клотримазол дејствува на тој начин што го инхибира создавањето на ергостерол, што доведува до структурни и функционални оштетувања на цитоплазматската мембрана.

Микотрит вагиториите се употребуваат за лекување на инфекции на половите органи (вагинитис) што ги предизвикуваат габи (најчесто Candida), трихомонас и суперинфекции со бактерии чувствителни на клотримазол. За посигурно лекување на

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
SHKUP
СКОПЈЕ

инфекции предизвикани од трихомонас вагиналис, потребно е да се зема и перорален трихомонацид.

***Употребувајте го лекот само ако претходно Ви е дијагностицирана инфекција на половите органи (вагинитис).***

**Пакување:**
**Микотрит 3 вагитории 200 mg:** кутија со 3 вагитории од 200 mg (ПВЦ/ПЕ алвеоли 3 x 1)
**Микотрит 1 вагиторија од 500 mg:** кутија со 1 вагиторија од 500 mg (ПВЦ/ПЕ алвеола 1 x 1)

## 2. Што мора да знаете, пред да ги употребите Микотрит вагиториите

**Немојте да ги употребувате Микотрит вагиториите, ако:**
- Сте пречуствителни на клотримазол или на помошната супстанција во лекот.
- Во тек на менструалниот циклус бидејќи може да се намали ефикасноста

**Пред да го употребите лекот консултирајте се вашиот лекар доколку:**
- Не сте сигурни дека имате инфекција на половите органи (вагинитис) или доколку симптомите Ви се појавуваат прв пат.
- Доколку инфекцијата Ви се појавува почесто од два пати за време од 6 месеци.
- Ако Вие или Вашиот партнер некогаш сте имале сексуално преносліва болест.
- Ако имате помалку од 16 или повеќе од 60 години.
- Ако некогаш сте имале алергија на клотримазол или некој друг вагинален антимикотик.
- Ако имате било кој од следниве симптоми:
    - Нередовно вагинално крварење.
    - Неприродно вагинално крварење или крвав исцедок.
    - Чирови, пликови или рани во вагината или на вулвата.
    - Висока температура или треска
    - Болка во долниот дел на абдоменот
    - Болка или потешкотии при мокрење
    - Чувство на лошење или повраќање.
    - Дијареа
    - Вагинален исцедок со непријатен мирис

**Бидете посебно внимателни:**
Како и другите вагитории и овие можат да ја намалат ефикасноста на гумените контрацептиви како кондоми и дијафрагми. Последователно треба да бидете внимателни минимум пет дена по прекинувањето на терапијата.
Не употребувајте тампони, интравагинални купки, спермициди или други вагинални производи додека го користите лекот.
Избегнувајте сексуални односи додека трае инфекцијата и додека сте под терапија со лекот, бидејќи може да го инфицирате партнерот.

**Користење на Микотрит вагиториите истовремено со други лекови**
Информирајте го вашиот лекар или фармацевт дека земате или неодамна сте земале било каков лек, вклучително и лекови кои се земаат без рецепт.
Информирајте го вашиот лекар доколку земате такролимус или сиролимус (кои се користат за намалување на имунолошкиот одговор за да се спречи отфрлање после трансплантација на органи).

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт доколку сте бремени, доите или се обидувате да забремените,пред да употребите Микотрит вагитории.*
Иако не постојат контролирани клинички студии кај бремени жени, епидемиолошките испитувања не даваат никакви индикации дека може да се очекуваат штетни влијанија врз мајката и детето кога клотримазолсе употребува за време на бременост. Сепак, како и со сите други лекови, клотримазол треба да го користите во првите 3 месеци од бременоста само откако е направена проценка од страна на Вашиот лекар.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Не се забележани влијанија врз способноста за возење или ракување со машини

**3. Како да ги употребувате Микотрит вагиториите**

Лекот треба да го употребувате како што е наведено во упатството (освен ако лекарот не одреди поинаку). Доколку не сте сигурни посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

**Микотрит 3 вагитории 200 mg**
Секоја вечер непрекинато во текот на 3 дена ставете што е можно подлабоко во вагината по 1 вагиторија. Тоа најдобро се постигнува доколку лежите на грб, со малку свиткани нозе.
**Микотрит 1 вагиторија 500 mg**
Ставете ја вагиторијата навечер што е можно подлабоко во вагината. Тоа најдобро се постигнува доколку лежите на грб, со малку свиткани нозе.

Симптомите на инфекцијата треба да исчезнат за време од 3 дена од третманот. Доколку нема подобрување после 7 дена, треба да отидете на лекар. Доколку симптомите се повторат после 7 дена, може да употребите уште еден третман, но доколку имате повеќе од 2 инфекции во период од 6 месеци, треба да побарате совет од лекар.

Бидејќи вагината и срамните усни се обично истовремено инфицирани, потребно е да се лекуваат двете подрачја комбинирано.
Ако истовремено се инфицирани срамните усни и околната регија, треба исто и локално да употребите крем за надворешна употреба (на пр. Клотримазол 1% крем).
Потребно е да се лекува и сексуалниот партнер ако се присутни симптоми како чешање, воспаление и т.н.

Лекот е наменет за употреба кај возрасни и деца над 16 години.

**Начин на употреба**
Пред да ја одстраните фолијата од вагиторијата темелно измијте ги рацете. Истото повторете го откако ќе ја употребите вагиторијата.

1. Извадете ја алвеолата од пакувањето и отворете ја
2. Ставете ја вагиторијата подлабоко во вагината(најдобро лежејќи на грб, со малку свиткани нозе).
3. Фрлете ја празната алвеола.

**Микотрит 3 вагитории 200 mg**
Ако сакате целосно да ја излекувате габичната инфекција и да го спречите нејзиното повторување, не го прекинувајте лекувањето без да се советувате со лекар. Доколку сепак решите самостојно да го прекинете, ризикувате таа да се повтори. Лекувањето не смеете да го завршите веднаш по исчезнување на симптомите, туку мора да го продолжите три дена, како што е пропишано во упатството. Продолжете со терапијата и во случај на започнување на менструација.

**Ако сте заборавиле да ги употребите Микотрит вагиториите**
Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза. Нанесете ја пропуштената доза колку можете поскоро и продолжете со остатокот од Вашето лекувањето како и обично.

**Микотрит вагиториите се наменети исклучиво за вагинална употреба.**
**Да не се голта.**
Доколку се проголта по грешка, веднаш известете го Вашиот лекар или контактирајте итна медицинска помош.

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, Микотрит вагиториите може да предизвикаат несакани дејства, иако не се појавуваат кај сите пациенти што ги користат.*

Исто како и кај другите лекови, некои пациенти можат да бидат алергични на вагиториите. Ако е тоа случај, реакцијата ќе се појави набрзо по апликацијата.
Знаците на алергиска реакција можат да вклучат:
- Осип
- Проблеми со дишењето и голтањето
- Оток на усните,лицето, јазикот и грлото
- Слабост,вртоглавица и несвестица
- Лошење

По употреба на вагиториите можна е појава на:

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- Чешање, осип, оток, црвенило, непријатност, печење, дразнење, вагинален пилинг или крварење.
- Болка во абдоменот или во пределот на пелвисот.

*Ако приметите било какви од горенаваедените несакани дејства или несакани дејства кои не се споменати во упатството, Ве молиме веднаш да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**Пријавување на несакани дејства**
Ако приметите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува и несаканите дејства кои не се споменати во упатството. Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.
Преку пријавување на несаканите дејства, можете да помогнете да се обезбедат повеќе податоци за безбедноста на овој лек.

**5. Чување и рок на употреба на Микотрит вагиториите**
*Лекот чувајте го на места недостапни за деца!*
Лекот се чува на температура до 25°C во оригинално пакување.

**Рок на употреба**
**Микотрит 3 вагитории 200 mg:** 30 месеци.
**Микотрит 1 вагиторија од 500 mg:** 3 години.

Лекот не смее да се употребува по изминување на датумот што е наведен на пакувањето. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат со отпадните води или со отпадокот на домаќинствата. Посоветувајте се со Вашиот фармацевт како да ги исфрлите лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки придонесуваат за заштита на животната средина.

**6. Дополнителни податоци за лекот**

**Дополнителни информации за инфекција на половите органи (вагинитис)**:
Вагинитис (кандидијаза) е честа инфекција од која заболуваат повеќето жени во одреден период од нивниот живот, која не е предизвикана од недостаток на хигиена. Вагинитис е предизвикан од квасци (габи) по име Candida кои се присутни нормално во вагината и други делови на телото, без да ги забележите. Како и да е, природниот баланс кој ја држи Candida под контрола може да биде нарушен од многу фактори како хормонални промени (менструација, контрацептивни таблети, бременост, менопауза), ослабен имунитет, антибиотици, парфимирани сапуни, купки и тесна облека.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Доколку се промени pH вредноста, концентрацијата на квасци се зголемува и може да доведе до вагинитис,при што се појавуваат некои од симптомите како: печење и/или чешање околу вагината и вулвата, црвенило, оток и непријатност на ткивото на вагината и вулвата и белузлав исцедок од вагината. Не секој кој има вагинитис ги има сите овие симптоми, може да имате само некои од нив.

**Како да избегнете повторување на инфекцијата:**

- Носете памучна долна облека која не е тесна
- Мијте се еднаш дневно
- По одење во тоалет бришете се однапред кон позади
- Менувајте ги влошките редовно
- Обидете се да не носите тесни фармерки
- Обидете се да не употребувате парфимирани сапуни и вагинални деодоранси
- Немојте да се миете или триете грубо со сунѓери или крпи и избегнувајте топли купки со парфимирани масла

*Доколку сеуште имате одредени нејаснотии за симптомите или третманот на вагинитис, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР)

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

Април 2021 година

**Број и датум на одобрение за ставање на лекот во промет**

**Микотрит 3 вагитории 200 mg:** 11-6698/2 од 04.11.2016

**Микотрит 1 вагиторија 500 mg:** 11-6804/4 од 04.11.2016